**Мина ѝ ја раскажа својата приказна на писателката Катерина Шошко**

Со оваа изјава сакаме да ви ја отсликаме нашата работа и како, грижата што ја пружаме во Центарот за деца на улица, прави промени во животите на нашите корисници. Посветено работиме за да избавиме што е можно повеќе луѓе од кругот на сиромаштија. Чекор по чекор им пружаме можности кои за нив се чинат недостижни. Нивните успеси за нас се бесценета среќа. Дневниот центар во изминатите 15 години им помогна на околу 400 деца.

Придружете ни се и бидете наши **поддржувачи**

Донирајте за заеднички да промениме нечиј **живот на подобро**


**Индира Ганди бр.50**
**Шуто Оризари, Скопје**

**02 2651 636**

zpd.dci@gmail.com

DaycareCentreForStreetChildren

www.zpd.org.mk


УПЛАТУВАЧ

ПРИМАЧ

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО, СКОПЈЕ

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА

3 0 0 0 0 0 0 0 1 1 0 3 8 9 6

ДОНАЦИЈА

5 6 2

# ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

## ДНЕВЕН ЦЕНТАР

за деца на улица кој обезбедува социјална услуга и дневен престој на деца во ризик (деца на улица)

**ЖИВОТ СО СМЕНЕТ ПРАВЕЦ**

Изјава на девојка што крстосницата и питачењето ги замени со образование

„Мина[1],“ ја слушам мајка ми како ме буди. Нема време да поспијам уште малку, а и онака дома е студено и претесно за сите. Немаме кревети за сите десет деца, па ние поголемите, спиеме на земја.

Станувам и заедно со мајка ми, браќата и сестрите излегуваме. Уште еден ден, уште една крстосница со семафори, автомобили што нè одминуваат, некои оставаат по денар, два, пет. Ми студи и се тресам, но, нема избор. „Ако не сме овде, пари од каде?“, вели мајка ми и нè тера да сме поупорни.

Еден ден, кога имав 8 години, се случи нешто што ми го промени животот. Ни пријдоа две жени. Рекоа дека се од Дневниот центар за деца на улица во Шуто Оризари. Ѝ рекоа на мајка ми дека казните за деца што просат се големи и дека нè изложува на ризик меѓу автомобилите. Мајка ми вознемирена им рече дека е свесна за сè, но, нема избор. Нè повикаа наредниот ден во Дневниот центар за деца. Во близина на куќата ни беше. Ноќта од возбуда не спиев.



[1]Името е променето, за да го заштитиме идентитетот на нашата корисничка.

Колку беше топло и убаво таму. Со насмевка нè пречекаа љубезни и гостопримливи наставнички. Имаше и други деца, и помали и поголеми од мене. Сите насмеани, топло облечени, искапени, среќни. Цртаа, пишуваа, а наставничките ги фалеа за добро сработената работа. Потоа сите заедно го славеа роденденот на Алмир. Тогаш за првпат пробав вистинска чоколадна торта.

Дома имавме само полски тоалет, па дури откако тргнав во Дневниот центар почнав редовно да се капам и да добивам чиста облека. Кога ќе се сетам ми се плаче од тага но, и среќа, зашто на осум години за првпат фатив молив во рака. Не ни знаев во која рака се држи и како се пишува.

Ме запишаа и на училиште. Почнав да ги учам буквите и бројките, а многу сакав да цртам и да шаркам со боичките. Се покажа дека ме бидува за цртање – така е тоа кога правиш работи со мерак, а не зашто си принуден. Од Дневниот центар ме охрабрија да одам на ликовен конкурс. Освоив четврто место. Еј, јас, Мина, што до завчера што се вели, со тие рачиња просев пари, сега нацртав цртеж достоен за некакво место.



Таму ме учеа на убави навики, културно однесување, на хигиена. Научив кои се моите права и дека со труд, чесност и посветеност можам да постигнам сè. Конечно бев видлива и важна.

А, кога татко ми сакаше да ме омажи на 13 години за некој многу постар (крвта ми се ледеше од страв), наставничките ме заштитија. Не дозволија да бидам малолетна невеста. „Доволно патела на улица“, велеа, „сега е време да учи и да се радува на животот“. Ми рекоа дека за мажачка не треба ниту да помислам пред осумнаесет. „Има време за тоа“, велеа. Најважно е да се школуваш, да создадеш работни навики, да научиш дека си вредна и дека можеш сè.

Сега со дваесет и три години кога ќе погледнам назад сфаќам дека сум имала многу среќа. Завршив средно училиште и денес работам како продавачка и чесно си ја заработувам платата. Имам едно дете кое безмерно го сакам и го воспитувам да оди по вистинскиот пат. Дневниот центар за деца на улица е место кое ми го промени животот од корен и ме претвори во ова што сум денес – образована, самостојна и независна млада жена.

